Предлагачи: Група Пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ,

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, декември 2024 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено / E pranuar | 26. 12. 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia Org. | Број / Numer | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| 08 | 6409/1 | | |

До: Претседателот на Собранието на

Република Северна Македонија

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија Ви поднесувам/ме Предлог на Закон за изменување на Законот за градење, по скратена постапка

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски

Тони Јаревски

Велија С. Серафимовски

Билјана Кузманоска

Нестор Жоржов

Ратко Митров

В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Причината за донесување на овој закон е Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РСМ“ број 121/24) согласно кој е направена измена во делот на инспекторатите каде што истите продолжуваат да работат во состав на Министерствата, па оттука и Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам продолжува да работи како орган во состав на Министерството за транспорт.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Решенијата содржани во Предлог на Законот по скратена постапка се со цел да се направи номотехничко усогласување, соодветна и практична примена на постојниот текст.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Законот чие донесување се предлага не повлекува обврска за обезбедување дополнителни средства за неговото спроведување.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Законот не повлекува обврска за обезбедување дополнителни финансиски средства.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија се предлага Собранието да го разгледа Предлог на законот да се разгледа по скратена постапка од причина што не е во прашање обемен и сложен закон.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

Член 1

Во Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/2009, 124/10,

36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14,

187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22,111/23, 224/24 и 255/24) членот 128-а се менува и гласи:

„Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам е орган во состав на Министерството за транспорт.“

Член 2

Во членот 128-б став (3) точката 5) се менува и гласи:

„поседува уверение, сертификат или друг документ за положен испит за познавање на еден од четирите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски и италијански) на ниво Б2 од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга и.“

Член 3

Во членот 130-а точката 5) се брише.

Точката 6) станува точка 5).

Точката 7) се брише.

Точките 8), 9) и 10) стануваат точки 6), 7) и 8).

Член 4

Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам именуван до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ:

Предлог на законот содржи 5 члена.

Со членовите 1 и 3 се врши усогласување со Законот организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РСМ“ број 121/24)

Со членот 2 се менува условот за познавање на еден од четирите најчесто користени јазици во Европската унија.

Членот 4 е преодна одредба.

Со членот 5 е уредено влегувањето во сила на Законот.

II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани.

III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложените измени и дополнувања нема да предизвикаат дополнителни последици.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ, КОИ СЕ ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ

Член 128-а

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам е орган во состав на Министерството за транспорт и има својство на правно лице со сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно со закон и одлучува за правата и обврските за работен однос.

Член 128-б

(1) Со Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија.

(2) За именување на директор се објавува јавен оглас во два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(3) За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови, и тоа:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна затвор или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен - Градежен или Архитектонски факултет;

4) има најмалку шест години работно искуство по дипломирањето, во соодветната област;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,

- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,

- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,

- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,

- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или

- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

6) поседува потврда за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Член 130-а

Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам ги врши следниве работи:

1) ја координира и организира работата на инспекторатот;

2) го претставува инспекторатот;

3) презема правни дејствија во име и за сметка на инспекторатот;

4) обезбедува услови за ефикасна примена на законите и прописите кои се однесуваат на инспекцискиот надзор;

5) одлучува за правата и обврските на вработените во инспекторатот;

6) обезбедува услови за стручно усовршување и специјализирана обука на инспекторите;

7) донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работни места во инспекторатот;

8) донесува програмски и извештајни документи, вклучително:
- стратешки план на инспекторатот,
- годишен план за работа на инспекторатот,
- годишна програма за специјализирана обука на инспекторите,
- шестмесечен извештај за работа на секој инспектор,
- месечен план за работа на секој инспектор и
- други документи и акти предвидени со овој или друг закон;

9) донесува и други акти за кои е овластен и

10) обезбедува јавност во работењето на инспекторатот.“